# СЕ КАЗНУВА ЛИ СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО?

## Дали сторителите на семејно насилство ја добиваат заслужената казна?



**Издавач:**

Здружение за еманципација,

солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

ул. Максим Горки бр. 20/1-4, Скопје

Тел: 02 3298 295; 3298 296

Факс: 02 3211 453

www.esem.org.mk

**За издавачот**

Јасминка Фришчиќ, извршна директорка

**Лектура**

Катица Трајкова

**Автор**

Стојан Михов

Оваа анализа е подготвена од страна на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа анализа им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски држави.

***Сите облици на семејно насилство, односно физичкото, психичкото и сексуалното семејно насилство се казниви во нашата земја од 2004 година. И по 15 години на применување на законски предвидената заштита, судската пракса укажува на несоодветна и ненавремена општествена реакција кон овој вид на насилство.***

## СУДСКАТА ПРАКСА ПОКАЖУВА ДЕКА:

- Иако се казниви, психичкото и сексуалното семејно насилство сѐ уште не се казнуваат...
- Семејното насилство не се казнува докрај поради повлекување од кривични постапки за кривични дела кои се сторени како резултат на семејно насилство...
- Сторителите на семејно насилство не ја добиваат заслужената казна, казна соодветна на тежината и околностите под кои се случило семејното насилство...
- Доцни изрекувањето на правда во случаите на семејно насилство...
- Жените кои претрпеле семејно насилство повторно го доживуваат и сведочат за насилството за потребите на водење на кривичната постапка...

## ИАКО СЕ КАЗНИВИ, ПСИХИЧКОТО И СЕКСУАЛНОТО СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО СЀ УШТЕ НЕ СЕ КАЗНУВААТ...

Загрижува фактот што пред судовите не е оформен каков било предмет, ниту пак е водена кривична постапка за заштита на жртвите на сексуално семејно насилство, а исто така не е оформен предмет ниту пак е водена кривична постапка за заштита на жртвите на психичко семејно насилство за кривичните дела Присилба од чл. 139 ст. 2 од КЗ и Противправно лишување од слобода од чл. 140 ст. 2 од КЗ. Од 33 те кривични постапки што се водени за кривични дела извршени како акт на семејно насилство, **најмногу се за кривични дела против животот и телото**, односно **најмногу е застапено кривичното дело Телесна повреда од чл. 130 ст. 2 од КЗ или вкупно 16 постапки**, шест (6) постапки се за кривичното дело Убиство од чл. 123 ст. 2 т. 2 од КЗ од кои три (3) во обид и, на крајот, четири (4) постапки се за кривичното дело Тешка телесна повреда од чл. 131 ст. 2 од КЗ. Втори по застапеност се постапките за кривичното дело Загрозување на сигурноста од чл. 144 ст. 2 од КЗ со вкупно седум (7) постапки.




Ова се потврдува и од податоците добиени од Основен суд Скопје 1- Скопје за период од четири години (2015-2018). Од 54 решени предмети за кривични дела како резултат на семејно насилство, само еден е за кривичното дело Присилба од чл. 139 ст.2 од КЗ, а нема ниту еден примен и решен предмет за кривични дела во сферата на сексуално насилство.

## СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО НЕ СЕ КАЗНУВА ДОКРАЈ ПОРАДИ ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА КОИ СЕ СТОРЕНИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО...

Повлекувањето на предлогот за гонење од страна на жртвата и повлекувањето на обвинението од страна на јавното обвинителство во случаите/предметите на семејно насилство значат запирање на постапката и неказнување на сторителите на насилство. Судската пракса покажува дека повлекувањето е најчесто во постапките за кривичното дело Телесна повреда од чл.130 ст.2. Кривичниот прогон за оваа кривично дело се врши по службена должност, но по претходен даден предлог на жртвата на семејно насилство. Од поведени 16 постапки за ова кривичното дело, во пет случаи (30%) кривичните постапки против сторителите на ова кривично дело биле запрени поради повлекување на предлогот од страна на жртвата пред започнување на главната расправа. Тоа значи дека во овие постапки сторителите останале неказнети. Проблемот е тоа што ова е единственото кривично дело за семејно насилство кое се гони по предлог, наместо по службена должност. Покрај повлекувањето на жртвата, забележано е и повлекувањето на обвиненијата од страна на ОЈО во текот на главната расправа за кривични дела кои се гонат по службена должност и тоа поради недостаток на докази.

## СТОРИТЕЛИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО НЕ ЈА ДОБИВААТ ЗАСЛУЖЕНАТА КАЗНА, КАЗНА СООДВЕТНА НА ТЕЖИНАТА И ОКОЛНОСТИТЕ ПОД КОИ СЕ СЛУЧИЛО СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО...

*Кривичните санкции за сторителите на семејно не се сразмерни на тежината и околностите под кои се случило семејното насилство.* Казнената политика што ја практикуваат судовите за овој вид на насилство, ни приближно не придонесува за намалување и елиминирање на тешките облици на семејното насилство и не води кон заштита од овој вид на насилство. Со ваква казнена политика не може да се оствари правдата, не можат да се спречат сторителите на семејно насилство во иднина да не вршат такви кривични дела, не можат тие да се превоспитаат и воспитно да се влијае врз другите да не вршат вакви кривични дела. Во најголем дел изречените осудителни казни се условни, дури и за делата за тешка телесна повреда. Од вкупно 28 предмети во кој е извршен увид, само спрема четворица (4) сторители е изречена казна затвор. Во 15 случаи е изречена алтернативна мерка (условна осуда) за кривичните дела тешка телесна повреда, телесна повреда и Загрозување на сигурност, а во шест (6) случаи е изречена мерка на безбедност - Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. Еден обвинет е ослободен од обвинение и спрема двајца обвинети е донесена одбивателна пресуда поради повлекување на обвинението во текот на главната расправа. Податоците од увидот покажуваат дека надлежното јавно

обвинителство со вложениот мал дел на жалби против донесените пресуди, директно ја потврдува и одобрува благата казнена политика на судот во однос на кривичните дела извршени како акт на семејно насилство. Ова е случај и со второстепените судови кои исто така не ја коригираат благата казнена политика на основните судови, односно најчесто ги потврдуваат изречените првостепени пресуди.







Важно е да се напомене дека и покрај тоа што обвинетите не признале вина и нема посебни олеснувачки околности на страната на обвинетиот при извршување на кривичното дело, судот наместо да ја изрече барем минималната казна, тој казната ја ублажил. Ваквата пракса е присутна во сите судови каде што беше спроведен увидот. Исто така, постои судска пракса во која во поголем дел од предметите не се изведуваат докази во однос на отежителните околности. Од спроведениот увид видно е дека не се изведуваат докази во однос на осудуваноста на обвинетиот, односно се сè сведува на

исказот на обвинетиот при земање на негови генералии, особено за дела за кои се води скратена кривична постапка. Воедно, не се изведуваат докази за степенот на кривична одговорност на обвинетиот (планирање на кривичното дело, голема упорност при извршувањето на кривичното дело), неговите побуди (без повод и причини, со безобѕирно однесување на обвинетиот при извршување на делото, подмолно, од љубомора или завист), околностите под кои е сторено кривичното дело (искористување на немоќта на жртвата, повеќе оштетени), како и дали лицето било ранливо заради одредени околности, дали кривичното дело е извршено врз или во присуство на дете, дали делото е извршено од двајца или повеќе , дали на извршувањето претходело или е извршено со екстремно ниво на насилство, дали делото резултирало со тешки последици за жртвата.

***Делумно благата казнена политика се должи и на праксата во одредени судови да се донесуваат пресуди врз основа на поднесен предлог за казнен налог од јавен обвинител во случаи на семејно насилство, при што судот во овие постапки нема овластувања да изрече ефективна казна затвор.*** Од спроведениот увид, четири од 33 постапки за семејно насилство се со издаден казнен налог. Дополнително, податоците од спроведениот судски мониторинг покажуваат дека од 556 набљудувани рочишта, 28 рочишта се воделе за постапки за издавање на казнен налог во предмети за семејно насилство. Во овие постапки на сторителот најчесто како кривична санкција му се изрекува условна осуда со утврдена казна затвор до три месеци. Примената на постапката за издавање на казнен налог не е препорачлива при пресудувањето за извршени кривични дела како акт на семејно насилство и покрај тоа што жртвата на семејно насилство со примена на една ваква постапка не се изложува на повторна виктимизација, бидејќи извршувањето на кривичните дела за семејно насилство се со посебна зголемена општествена опасност и не смее априори за вакво извршено кривично дело да се предлага изрекување на парична казна без да се слушне гласот на жртвата на семејно насилство за извршеното насилство врз неа. Во најмала мера ова претставува испраќање на лоша порака спрема насилниците.



***Исто така, кон благата казнена политика придонесува и постоечката судска пракса во одредени судови на донесување на пресуди врз основа на дадено признание на вина на сторителот на семејно насилство (пресуда врз основа на спогодба помеѓу јавниот обвинител и осомничениот).*** Постапката за донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и обвинетиот всушност претставува заемен договор во кој и двете страни по малку отстапуваат од првичната замисла. Ваквата спогодба е облик на активно преговарање во кое обвинетиот во замена за дадено признание дека го извршил кривичното дело се откажува од правото на судење заради одредени отстапки во обвинението или во однос на одмерувањето на кривичната санкција. Во оваа постапка интересите на жртвата на семејно насилство ги застапува јавниот обвинител и нејзината улога е пасивна. Оттука, не е пожелно да се применува оваа кривична постапка при извршени кривични дела како акт на семејно насилство бидејќи не ѝ се дава законска можност на жртвата на семејно насилство да се изјасни дали се согласува со видот и висината на договорената казна.

## ДОЦНИ ИЗРЕКУВАЊЕТО НА ПРАВДА ВО КРИВИЧНИТЕ ПОСТАПКИ ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО...

Во просек најдолго трае делот од постапката од случување на настанот до поднесување на обвинение, односно првата фаза на кривичната постапка. Оваа фаза во просек трае 140 дена или тоа претставува 56% од времетраењето на првостепената постапка, што укажува дека овој период битно влијае на кривично правната заштита на жените кои претрпеле насилство. Втората (од обвинение до главна расправа) и третата фаза (од главна расправа до пресуда) пак, во просек траат 57, односно 52 дена, односно заедно претставуваат 44% од вкупното времетраење на првостепената кривична постапка. Доколку се земе предвид дека и двете фази зависат од работењето на судовите тоа значи дека скоро половина од времетраењето на првостепената постапка зависи од работењето на судот. Најчеста причина за одложување на постапката, а со тоа и одолговлекување е отсуството на обвинетиот, отсуството на бранителот на обвинетиот, одложување поради подготовка или други судења на бранителот и други. Жалбената постапка во просек трае приближно два пати подолго од првостепената постапка.






## ЖЕНИТЕ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ПОВТОРНО ГО ПРЕЖИВУВААТ И СВЕДОЧАТ ЗА НАСИЛСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ВОДЕЊЕ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА...

Од 26 постапки[1] како доказ на главната расправа во девет (9) случаи жртвата на семејно насилство била распитана, односно во над третина од постапките. Тоа јасно зборува дека во значителен дел од предметите жртвата на семејно насилство на главната расправа повторно се виктимизира. Потврда за ваквата состојба се и добиените податоци од мониторирањето на судски предмети, според кои од 186 рочишта дури во 176 изјавата на жртвата не била прочитана, и таа морала да го повтори својот исказ.

Покрај изведувањето на исказот на жртвата како доказ, несоодветната примена на вкрстеното испрашување исто така придонесува кон нејзина повторна виктимизација. Според податоците од судскиот мониторинг, во 65% од мониторираните рочишта жртвата била вкрстено испрашана од страна на обвинетиот и неговиот бранител. Мислењата на судиите со кои ЕСЕ соработува упатуваат дека сегашната пракса на вкрстеното испрашување на жртвата може да придонесе кон повторна виктимизација, која пак може да резултира со повлекување на предлогот за кривично гонење, или пак недавање/менување на исказот на жртвата за стореното семејно насилство. Ова делумно се должи и на дилемите околу целисходноста и отсуството на соодветна судска пракса за вкрстено испрашување, при кое улогата на судијата се сведува на пасивен арбитер.

[1] *Од вкупниот број на предмети во кои е извршен увид (33), постапката е запрена пред и во текот на главната расправа во шест (6) случаи.*

## СЛЕДНИ ЧЕКОРИ...

**Имајќи ги предвид утврдените потреби со цел обезбедување на соодветна и навремена кривично правна заштита на жените кои претрпеле семејно насилство, неопходно е да се интензивираат напорите за подобрување на казненото материјално и процесно право, и особено нивно доследно спроведување.**

**Поконкретно:**

- Во насока на казнување на сите видови на семејно насилство потребно е преземање на мерки за препознавање и пријавување на психичкото и сексуалното насилство од страна на жртвите на семејно насилство, како и активности за едукација и сензибилизирање во однос на овие видови на насилство насочени кон полицијата и јавното обвинителство со единствена цел да ги откриваат сторените кривични дела и да ги гонат нивните сторители.
- Со цел целосно казнување на кривичните дела за семејно насилство, односно непостоење на можност за повлекување на предлогот за кривично гонење од жртвата потребна е законска измена на член 130 ст. 4 во кој зборовите: „а за став 2 по предлог" да се бришат и на тој начин кривичниот прогон за кривично дело телесна повреда да се презема по службена должност без да се бара претходно предлог на жртвата на семејно насилство. На овој начин ќе се обесхрабри насилникот и другите лица да вршат притисок врз жртвата на семејно насилство за повлекување на предлогот за кривичен прогон. Односно, жртвата ќе нема законска можност такво нешто да чини, од една страна и од друга страна, секој насилник за вакво сторено кривично дело задолжително ќе биде изведен пред суд, ќе му се суди и ќе биде осуден.
- Со цел сторителите на семејно насилство да ја добијат заслужената казна, казна соодветна на тежината и околностите под кои се случило семејното насилство потребно е преземање на мерки за соодветно одмерување на казната и изведување на сите околности под кои е сторено насилството. Исто така, препорачливо е примената на постапката за издавање на казнен налог воопшто да не се применува во случаи на семејно насилство, како и донесување на пресуди врз основа на дадено признание на вина на сторителот на семејно насилство (пресуда врз основа на спогодба помеѓу јавниот обвинител и осомничениот).
- Во насока на навремено изрекување на правда во случаите на семејно насилство потребно е специјализирање на судии што ќе постапуваат при пресудувањето на кривичните дела што се извршени како акт на семејно насилство и постојана едукација на тие судии во оваа област.
- Со цел да се избегне повторна виктимизација на жртвата, препорачливо е надлежното ОЈО доколку располага со доволно докази во однос на стореното кривично дело да избегнува и да не предлага како доказ на главната расправа да

биде распитувана жртвата, а доколку предлогот за изведување на доказ со распит на жртвата побара обвинетиот на главната расправа, судот посебно да го цени таквиот предлог дали е потребно или не во однос на изведените докази и во најголем број случаи таквиот предлог да го одбие. За виктимизација на жртвата пред отпочнување на главната расправа по налог на судијата, кој постапува по предметот, судската полиција треба да спречи било какви контакти на обвинетиот со жртвата, односно жртвата да биде сместена во посебна просторија, а доколку нема такви технички можности на обвинетиот да не му се дозволи да се приближи до жртвата на растојание од најмалку 5 метри.

## ЗА АНАЛИЗАТА...

Овој краток преглед на заклучоци, наоди и следни чекори е дел од пошироката анализа насловена **Кривичноправна заштита на жените жртви на семејно насилство** подготвена од страна на Здружението ЕСЕ во рамки на проектот Патеки на правда на жените кои претрпеле семејно насилство, проект за граѓанско учество на УСАИД. Презентираните заклучоци и наоди беа утврдени врз основа на податоците добиени од спроведен увид во 33 правосилни завршени предмети во 2016 и 2017 година за кривични дела за заштита од семејно насилство во Основен суд Скопје 1 – Скопје (суд со проширена надлежност), Основен суд Велес (суд со проширена надлежност), Основен суд Радовиш (суд со основна надлежност) и Основен суд Гостивар (суд со проширена надлежност). При формулирање на клучните наоди освен податоците од спроведениот увид беа анализирани и податоците добиени од спроведениот судски мониторинг на кривични и граѓански предмети на семејно насилство во десет основни суда во државата. Правната заштита на жените кои претрпеле семејно насилство е дел од стратешките определби на ЕСЕ.

ECE